РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
Сектор за правни работи - Одделение за прекршочна постапка

Архивски знак: / Shenja arkivore: 2802
Рок на чување: / Afati i ruajtjes: 15
28.04.2021 година / viti

01.10.00.УП.001.06-ОБ.05.06

Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Маринела Бојаџиева како претседател и членовите Дејан Атанасовски и Наим Рамети, одлучувајќи во прекршочната постапка во прв степен, поведена по барање за поведување на прекршочна постапка број 28-014236/21-0005 од 13.03.2021 година на Царинарница Куманово, ЦИ Табановце-автопат, против Мендерес Аки Спахија од Куманово, за сторен прекршок од член 263 став 3 в.в. став 1 точка 5 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинската управа и член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоците, на 06.04.2021 година, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

Мендерес Аки Спахија од Куманово, роден на 24.02.1965 година, со адреса на живеење улица Дојранска број 2А Куманово, со ЕМБГ 2402965420000, и патна исправа број G1301913 издадена на 09.03.2018 година од МВР РСМ, државјанин на Република Северна Македонија,

## СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263 став 3 в.в. став 1 точка 5 од Царинскиот закон

Затоа што:
На ден 13.03.2021 година околу 12:00 часот, при влез во Република Северна Македонија на граничен премин Табановце-автопат, управувајќи патничко моторно возило марка „Опел Зафира" со македонски регистарски таблички KU8504AD, во негова лична сопственост видно од македонска сообраќајна дозвола број MK3203417, иако бил должен не ставил на увид на царинскиот орган стока од трговски карактер и тоа: 30 парчиња индустриски електрични греачи во вкупна вредност од 22.500,00 денари, сместени во долниот дел позади возачкото седиште на возилото и во багажниот простор на возилото во патни торби и куфер, со што постапил спротивно на член 50 од Царинскиот закон и се обидел да избегне плаќање на царина и други увозни давачки во вкупен износ од 8.032,50 денари.

Со гореопишаното дејствие пријавениот Мендерес Аки Спахија од Куманово, сторил царински прекршок по член 263 став 3 вв. став 1 точка 5 од Царинскиот закон, поради кое од страна на Комисијата,

## МУ СЕ ИЗРЕКУВА

Глоба во износ од 250 (двестапедесет) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, односно 15.375,00 денари, пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, како и трошоци на постапката во износ од 250,00 денари, кои сторителот е должен да ги плати во рок од 8 (осум) дена од провосилноста на решението, и тоа:

- глобата да ја плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: глоба по решение Прк.бр.0108/21, примач Буџет на РМ, Банка на примач НБ на РМ, на

сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-051-03, приходна шифра 72211900, а

– тошоците да ги плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: трошоци по решение Прк.бр.0108/21 , примач Буџет на РМ, Банка на примач НБ на РМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-06137, приходна шифра 72413200,

и доказите за така извршена уплата (обрасците ПП50) да ги достави во оригинал до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на РСМ, ул.Колекторска 6.6., Скопје, а во спротивно ќе се спроведе постапка за нивна присилна наплата преку надлежната Управа за јавни приходи, согласно член 129 став 2 од Законот за прекршоците и одредбите од Законот за даночна постапка.

Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон, Комисијата за одлучување по прекршок на сторителот на царински прекршок Мендерес Аки Спахија од Куманово, му изрече и задолжително предвидената посебна прекршочна мерка одземање на стоката предмет на сторениот прекршок и тоа: 30 парчиња индустриски електрични греачи.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со барање за поведување на прекршочна постапка број 28-014236/21-0005 од 13.03.2021 година на Царинарница Куманово, ЦИ Табановце-автопат, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија е поведена прекршочна постапка против Мендерес Аки Спахија од Куманово, за сторен прекршок од член 263 став 3 в.в. став 1 точка 5 од Царинскиот закон.

Постапувајќи по истото, Комисијата за одлучување по прекршок согласно член 60 став 3 од Законот за прекршоците, со покана број 28-014236/21-0007 од 24.03.2021 година писмено го извести сторителот за поднесеното барање и го поучи да се изјасни за фактите и доказите поднесени во врска со барањето, со напомена дека во спротивно, Комисијата ќе ја утврди фактичката состојба и ќе одлучи по барањето за поведување на прекршочна постапка, врз основа на приложената писмена документација.

Сторителот Мендерес Аки Спахија од Куманово, уредно ја прими поканата за писмено произнесување видно од доставница од пошта Куманово од 26.03.2021 година, и до предвидениот рок до Комисијата достави писмено произнесување број 28-014236/21-0008 од 31.03.2021 година изјави дека незнаел дека требало да ја пријави пронајдената стока. Додаде дека ова му било прв пат да е сторител на прекршок , невработен е и со здравствени проблеми. Се надева дека сево ова ќе се земе предвид при одлучувањето од страна на Комисијата.

Согласно горенаведеното, Комисијата утврди дека согласно член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоци постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и за донесување на одлука.

Комисијата ја спроведе доказната постапка и изврши увид во: барање за поведување на прекршочна постапка број 28-014236/21-0005 од 13.03.2021 година на Царинарница Куманово, ЦИ Табановце-автопат, покана за писмено произнесување број 28-014236/21-0007 од 24.03.2021 година, доставница од пошта Куманово од 26.03.2021 година, писмено произнесување број 28-014236/21-0008 од 31.03.2021 година, записник за царински прекршок број 28-014236/21-0001 од 13.03.2021 година, записник за претрес на ПМВ/ТМВ број 28-014236/21-0002 од 13.03.2021 година, потврда за привремено одземени предмети број 28-014236/21-0003 од 13.03.2021 година, записник за комисиски прием, премер и проценка на стоки број 28-014236/21-0004 од 13.03.2021 година, копија од македонска сообраќајна дозвола број МК3203417 на име Мендерес Аки Спахија од Куманово и записник за примопредавање број 28-014236/21-0006 од 13.03.2021 година по што ја утврди следната фактичка состојба:

Сторителот Мендерес Аки Спахија од Куманово на ден 13.03.2021 година околу 12:00 часот, при влез во Република Северна Македонија на граничен премин Табановце-автопат, управувајќи патничко моторно возило марка „Опел Зафира" со македонски регистарски таблички KU8504AD, во негова лична сопственост видно од македонска сообраќајна дозвола број МК3203417, иако бил должен не ставил на увид на царинскиот орган стока од трговски карактер и тоа: 30 парчиња индустриски електрични греачи во вкупна вредност од 22.500,00 денари, сместени во долниот дел позади возачкото седиште на возилото и во багажниот простор на возилото во патни торби и куфер, со што постапил спротивно на член 50 од Царинскиот закон и се обидел да избегне плаќање на царина и други увозни давачки во вкупен износ од 8.032,50 денари.

Истиот, бил прашан од страна на царинските службеници дали има да пријави нешто за царинска контрола и изјавил дека нема ништо, па при детална контрола на возилото му е пронајдена предметната стока и со потврда за привремено одземени предмети број 28-014236/21-0003 од 13.03.2021 година, му е привремено одземена и сместана во магацинските простори на Квалитет пром Куманово.

Со гореопишаното дејствие пријавениот Мендерес Аки Спахија од Куманово, стоката внесена во царинското подрачје на Република Македонија не ја ставил на увид на царинскиот орган со што постапил спротивно на член 50 од Царинскиот закон и сторил царински прекршок по член 263 став 3 вв. став 1 точка 5 од Царинскиот закон.

Согласно член 4 став 1 точка 24 од истиот закон, поимот „ставање на стока на увид на царинскиот орган" значи известување до царинскиот орган на пропишан начин за пристигнување на стоката кај царинскиот орган или било кое друго место кое што царинскиот орган го одредил или одобрил.

Согласно член 50 став 1 од Царинскиот закон стоката која пристигнува до царинскиот орган на граничен премин или на друго место кое што царинскиот орган го определил или одобрил, се става на увид на царинскиот орган од страна на лицето кое ја внело во

царинското подрачје или ако е потребно од страна на лицето кое ја презело одговорноста за превоз на стоката по нејзиното внесување.

Согласно член 263 став 3 во врска со став 1 точка 5 од Царинскиот закон, глоба во износ од 500 до 2.250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на физичкото лице, ако стоката не ја стави на увид на царинскиот орган (член 50).

Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон стоката која е предмет на прекршок од членовите 263 и 265 во врска со членот 263 од овој закон, се одзема.

Врз основа на вака утврдената правна и фактичка состојба, која произлегува од приложениот доказен материјал, Комисијата најде дека во дејствието на сторителот се содржани обележјата на прекршокот кој му се става на товар и за сторениот прекршок треба да му се изрече глоба предвидена во рамки на законот, како и посебна прекршочна мерка одземање на стоката предмет на прекршок.

Врз основа на вака утврдената правна и фактичка состојба, која произлегува од приложениот доказен материјал, Комисијата најде дека во дејствието на сторителот се содржани обележјата на прекршокот кој му се става на товар и за сторениот прекршок треба да му се изрече глоба предвидена во рамки на законот, како и посебна прекршочна мерка одземање на стоката предмет на прекршок.

При одмерувањето на глобата Комисијата ги имаше предвид одредбите на член 130 од Законот за прекршоците („Сл.весник на РСМ" бр.96 од 17.05.2019 година), според кој започнатите постапки пред судовите и прекршочните органи до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" број 124/15), како и одредбите на член 132 став 1 и 2 од истиот закон, според кои, законите во кои се пропишани прекршочни санкции ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, а законите во кои се пропишани прекршочни санкции ќе продолжат да се применуваат се до нивното усогласување со одредбите на овој закон, но најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, односно најдоцна до 25.11.2019 година.

Во оваа насока, Комисијата од една страна утврди дека предметниот прекршок е сторен по влегување во сила на Законот за прекршоците („Службен весник на РС Македонија" бр.96 од 17.05.2019 година), а од друга страна утврди дека погоре цитираните одредби на Царинскиот закон во делот на прекршочните санкции сеуште не се усогласени со овој закон, па при ваква состојба Комисијата најде дека во конкретниот случај при одмерувањето на глобата за предметниот прекршок правилно е да се применат одредбите од Законот за прекршоците со кои е определен износот на глобата во распон за сторени прекршоци од страна на физичките лица, односно да се применат одредбите од член 26 став 1 од истиот закон, според кој глобата за физичко лице се состои во плаќање на определен паричен износ кој не може да биде помал од 15 евра во денарска противвредност ниту поголем од 250 евра во денарска противвредност, освен ако со законодавство на Европска Унија не е поинаку определено,

како и одредбите од став 3 на истиот член, според кој за прекршоци од областа на даноците, царините, јавните набавки, јавните финансиии јавниот долг може да се пропише глоба во поголем паричен износ во зависност од затаената давачка или износ на набавка, но најмногу во двократен износ од износот во ставот 1 на овој член.

Врз основа на вака утврдената правна и фактичка состојба, која произлегува од приложените писмени докази, Комисијата утврди дека сторителот стоката која пристигнала до царинскиот орган на граничениот премин или на друго место кое што царинскиот орган го определил или одобрил, не ја ставил на увид на царинскиот орган, со што во дејствието на сторителот на царинскиот прекршок е содржано обележјето на прекршокот кој му се става на товар и за сторениот прекршок му изрече глоба предвидена со законот, како и задолжително предвидена прекршочна мерка одземање на стока предмет на сторениот царински прекршок.

Комисијата ги цeнеше наводите на сторителот дадени во писменото произнесување, но истите ги оцени дека се без влијание за поинакво одлучување, а воедно сторителот не приложи дополнителен доказ кој би довел до поинакво одлучување.

При одмерување на висината на глобата, Комисијата имајќи ги во предвид одредбите од член 16 од Закон за прекршоци, ги ценеше начинот на сторување на прекршокот, степенот на одговорност на сторителот за прекршокот, побудите од кои е сторен прекршокот како отежнителни околности, а фактот дека ова му е прв прекршок и не евидентира во прекршочната евиденција, како олеснителна околност, па смета дека со вака изречената глоба ќе се постигне целта на изрекување на прекршочна санкција.

Согласно член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган, Комисијата го задолжи сторителот и со трошоци во прекршочната постапка во износ од 250,00 денари.

Упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен спор до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од приемот на решението.
Со оглед да тужбата го одлага извршувањето на глобата примерок од истата да биде доставена до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на Република Македонија–Царинарница Скопје на ул. Колекторска 66, Скопје, во спротивно ќе се наплати согласно одредбите на Закон за даночна постапка

Претседател на Комисија
Маринела Бојациева

Бр. 28-014236/21-0011
Прк.бр.0108/21
Скопје, 06.04.2021 година.

Доставено во оригинал до:
- сторител,
- архива,
- предмет

Доделено преку ЕДМС до:
- подносител

Изработил: Дејан Атанасовски